# ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

2022

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

**ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ**

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Александар Кржаловски, в.д. Директор

**Автор**
Јасмина Чаушоска

**Дизајн и подготовка**
Борис Ристовски, МЦМС

ISBN 978-608-4848-45-5
Скопје,  јуни 2022 г.

**Контакт**
**МЦМС**, адреса: ул. Никола Парапунов бр. 41а; поштенски фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk
**Цивика мобилитас**, е-пошта: helpdesk@civicamobilitas.mk; веб-страница: http://www.civicamobilitas.mk/mk/
Facebook: https://www.facebook.com/civicamobilitas/

Извештајот е подготвен и објавен во рамките на Цивика мобилитас, проект на Швајцарската амбасада, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската амбасада или организациите што ја спроведуваат.

**МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# Предговор

Македонскиот центар за меѓународна соработка по петти пат ја истражуваше општествената одговорност на граѓаните.

Чувството за **одговорност на граѓаните за влијание, учество и решавање на општествените проблеми** е битна компонента за развој на граѓанското општество, но и општеството во целина. Граѓанското општество без граѓани кои ќе учествуваат во него не може да ја исполни својата мисија. Тоа е вкоренето и влијателно граѓанско општество што е една од долгорочните цел на МЦМС. Ваквото граѓанско општество се заснова на **активни** граѓани или **општествено одговорни граѓани**, како чинители во општеството. Од овие причини, МЦМС го истражува граѓанското општество, а особено довербата и општествената одговорност на граѓаните.

МЦМС за прв пат ја истражуваше општествената одговорност во 2006 г., заедно со довербата, додека во 2007 г., 2009 г., 2010 г. и 2021 г. се направени посебни истражувања. Извештајот е подобрен врз основа на претходните искуства и глобалните истражувања. Се употребуваат индекси за ставовите и навиките на граѓаните по одредени прашања со што се олеснуваат анализите на трендовите. Со вклучувањето нови прашања, периодичното повторување на истражувањето, но и неговото објавување по делови, е подобрена употребливоста на извештајот.

МЦМС се надева дека извештајот **„Општествената одговорност на граѓаните“** ќе биде употребен од организациите на граѓанското општество како основа за подобрување на нивните стратегии за поголемо вклучување и поддршка од страна на граѓаните. Извештајот нуди корисни информации и за државните институции, кои може да придонесат во процесот на креирање на политиките. Исто така, МЦМС верува дека анализите ќе бидат корисни и за приватниот сектор, но и за студентите и за истражувачите на општествените појави.

## Содржина


Предговор ........ 2
Индекси ........ 4
Вовед ........ 5
- Термини и дефиниции ........ 5
- Индекси ........ 6
- Индекси на општествената одговорност ........ 6

Методологија и пристап ........ 7
- Прашалник ........ 7
- Примерок ........ 7
- Обработка и прикажување на резултатите ........ 7

I. ОДГОВОРНОСТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА ........ 8
II. ЈАВЕН ДУХ ........ 9
III. НИВО НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА ........ 11
IV. УЧЕСТВО ВО НЕПАРТИСКИ ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ ........ 13
V. ДОБРОВОЛНА АКТИВНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА ........ 15
VI. УЧЕСТВО И АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ........ 16
VII. ДОБРОТВОРНИ ПРИЛОЗИ ........ 19
ПРИЛОГ 1. Прашалник ........ 20
ПРИЛОГ 2. Структура на примерокот ........ 23
Профил на издавачот ........ 24
Продолжи со читање ........ 24

# Индекси

| Одговорност за решавање на општествените прашања | 2021 | | 2010 |
|---|---|---|---|
| Државата | 57,5 | ↑↑ | 50,5 |
| Деловниот сектор | 7,5 | ↑ | 3,0 |
| Граѓаните | 6,9 | ↔ | 7,2 |
| Државата, деловниот (приватниот) сектор и граѓаните | 23,2 | ↓↓↓ | 33,4 |
| **Јавен дух** | | | |
| Неоправданост на мамење за данок, ако се има шанса за тоа | 93,4 | ↑↑ | 87,0 |
| Неоправданост на барање повластици од Владата за кои се нема право | 92,8 | ↔ | 93,7 |
| Неоправданост на примање  или давање мито за работа што е обврска | 92,6 | ↔ | 93,0 |
| Неоправданост на плаќање во готово за сервиси за да се избегнат даноците | 83,4 | ↑↑↑ | 62,6 |
| Неоправданост на неплаќање на комуналните услуги | 90,4 | ↔ | 92,4 |
| Неоправданост на избегнување да се плати јавен превоз | 91,5 | ↔ | 93,5 |
| Да фрлате ѓубре на места кои не се определени за тоа | 91,4 | ↓↓ | 97,2 |
| Да возите под дејство на алкохол | 92,8 | ↓ | 96,6 |
| Да пушите на законски забрането место | 89,0 | ↔ | 88,3 |
| **Индекс на јавен дух** | **89,4** | ↔ | **87,0** |
| **Учество на граѓаните во политички непартиски активности во последните 5 г.** | **2021** | | **2010** |
| Петиција | 15,0 | ↓↓↓ | 25,7 |
| Протест (демонстрација, митинг) | 14,1 | ↓↓↓ | 36,6 |
| Бојкот | 10,5 | ↓ | 13,5 |
| Блокирање патишта и објекти | 8,1 | ↑ | 5,9 |
| Граѓански дневник | - | - | 6,4 |
| Сте учествувале во герила акции | - | - | 4,1 |
| Сте учествувале во Флешмоб | - | - | 3,8 |
| **Индекс на учество на граѓаните во политички непартиски активности** | **11,9** | | **17,6** |
| **Доброволна активност во заедницата** | | | |
| Индекс на учество во доброволна активност во заедницата | 7,6 | | 21,9 |
| **Учество во организација на граѓанското општество** | | | |
| Индекс на учество во организациите на граѓанското општество | 77,7 | | 48,4 |
| Индекс на учество во граѓанските организации | 36,8 | ↑↑↑ | 24,7 |
| **Добротворно давање** | | | |
| Индекс на добротворно давање | 27,1 | ↓↓↓ | 65,1 |

## Легенда

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или со незначителни промени | Без или со незначителни промени = 0 – 3 процентни поени<br>Мали = 3,01 – 5 процентни поени<br>Умерени = 5,01 –10 процентни поени<br>Големи = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

# Вовед

Во овој извештај се анализирани дел од наодите од анкетата „Граѓанско општество“, посветен на „Општествена одговорност на граѓаните“, која се спроведува на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Северна Македонија. Целта на истражувањето беше да се испитаат ставовите на граѓаните за прашањата поврзани со општествената одговорност.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на Агенцијата за истражување М-Проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

Ова истражување се спроведува по петти пат. Првото истражување за општествена одговорност е спроведено во април 2006 г. и објавено во публикацијата „Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија“. Второто, третото и четвртото истражување беа направени во декември 2007 г., март 2009 г. и декември 2010 г. објавени во публикациите „Општествената одговорност на граѓаните“. Извештајот е подобрен врз основа на претходните искуства и глобалните истражувања. Со вклучувањето нови прашања, периодичното повторување на истражувањето, но и неговото објавување по делови, е подобрена употребливоста на извештајот.

## Термини и дефиниции

Општествената одговорност може да биде законска, етичка, морална или заснована на вера или убедување (идеолошко). Истата може да се однесува на владата (добро владеење), на претпријатијата (социјална или општествена одговорност на претпријатијата) или на граѓанинот (граѓанска одговорност). Ова истражување се однесува на општествената одговорност на граѓаните во поширока смисла. Таа се состои од два елементи, и тоа јавниот дух и граѓанската одговорност или граѓанското учество.

**Јавниот дух** е показател на поддршката на граѓаните на владеење на правото (примена на законите). Јавниот дух се мери преку поддршката на плаќање данок, јавен превоз, комунални услуги, непримање и недавање мито и небарање повластици од Владата, за кои не постои право. Во овој извештај е опфатено и почитување на уште неколку конкретни законски одредби од Законот за безбедност во сообраќајот, Законот за јавна чистота и Законот за заштита од пушење.

Општествената одговорност на граѓаните во потесна смисла е **граѓанската одговорност или граѓанското учество/ангажман**. Таа не е законска обврска, туку етичка, морална или обврска заснована на убедување. Таа се мери преку учеството на граѓаните во: активности од социјална и рекреативна природа, непартиски политички активности, волонтерски активности во заедницата, во организациите на граѓанското општество и добротворни прилози.

*Социјализацијата* е тесно поврзана со општествената одговорност, бидејќи преку неа граѓаните стекнуваат значаен дел од своите вештини, знаења, мотиви и ставови потребни за извршување на сегашните и идните улоги во општеството. Овие активности кои најчесто се од социјална или рекреативна природа, исто како и останатите активности придонесуваат во градењето на социјалниот капитал.

*Непартиските политички активности* се однесуваат на активности како пишување писма до медиуми, потпишување петиции или учество на протести и блокирање патишта и објекти, кои не се организирани од политички партии.

*Доброволната т.е. волонтерската активност* се однесува на доброволно давање лични услуги, знаења и вештини и или вршење други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок (Закон за волонтерството на Република Македонија). Под заедница се подразбира група луѓе кои живеат во определена локална област, на пример општина, месна заедница, куќен совет и сл.

*Учество (вклученост) во организација на граѓанско општество* подразбира членување (активно, неактивно, како и плаќање членарина) и доброволна работа (без надоместок). МЦМС има пошироко сфаќање на граѓанското општество, а засновано на дефиницијата од Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2011): Граѓанското општество е дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички

интереси. Според оваа дефиниција во граѓанското општество се опфатени здруженијата и фондациите, стопанските комори, организациите на работодавачите, синдикатите, политичките партии и верските заедници.
Во Македонија, сè уште нема разграничување и на термините филантропија и добротворство, или пак во употребата на различни термини во македонскиот јазик, како што се добротворство, доброчинство и добродетелство. Во овој извештај фокусот е на *добротворните прилози* како доброволен акт на донирање пари или добра.

## Индекси

За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба, воспоставени се индекси (показатели), кои покажуваат став на граѓаните кон одредено прашање. Во одредени случаи индексите се едноставни и се поврзани со еден став, додека други индекси се комплексни и се средни вредности од сума на одговори на повеќе прашања.
*Индексите за одговорноста за решавањето на општествените проблеми* ги опфаќаат одговорите на граѓаните за тоа кој е одговорен за решавање на проблемите.
*Индексот на јавниот дух* ги опфаќа ставовите на граѓаните дека не е оправдано да се бараат повластици од владата за кои се нема право, да се избегнува да се платат комуналните услуги и јавниот превоз, да се прими или даде мито, како и да се мами за данок ако се има шанса за тоа.
*Индексот на учество на граѓаните во политички непартиски активности* го опфаќа нивното учество во протести и демонстрации и блокирање патишта и објекти, потоа потпишување петиција, придружување кон бојкот или користење на граѓанскиот дневник.
*Индексот на доброволната активност во заедницата* го одразува учеството на граѓаните во активностите за доброто на заедницата во смисла на состаноци, акции и сл.
*Индексот на учество во организација на граѓанското општество* означува колку вкупно граѓани се (активни или неактивни) членови во барем еден облик на здружување на граѓаните (граѓански организации, верски заедници, синдикати и политички партии).
*Индексот на учество во граѓанските организации* покажува колку граѓани се активни или неактивни членови во граѓанските организации (здруженија).
*Индексот на добротворно давање* укажува дали и колку граѓаните даруваат во добротворни цели (во пари, во добра или добротворна работа).

### Индекси на општествената одговорност

| Индекс на | Опис |
|---|---|
| **Општествена одговорност** | = Σ имаат одговорност |
| **Јавен дух** | = Σ никогаш не е оправдано |
| **Учество во непартиски политички активности** | = Σ учествувал последните пет години/ |
| **Доброволна активност во заедницата** | = учествува во доброволни активности |
| **Учество во организација на граѓанското општество** | = Σ активен и неактивен член |
| **Добротворно давање** | = Σ дарувал во последните 12 месеци |

# Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со телефонска анкета на национален репрезентативен примерок од 1007 испитаници во периодот  од 10 до 23 ноември 2021 година.

## Прашалник

Поголем дел од прашањата се засновани на искуствата и глобалните истражувања за социо-културните норми: Европската студија на вредности; Европскиот барометар; и Цивикус - Индексот на граѓанското општество. Другиот дел од прашањата се од претходните истражувања на МЦМС, кои ја испитуваа довербата и општествената одговорност на граѓаните.

## Примерок

Анкетата беше спроведена во ноември 2021 година, на репрезентативен примерок од 1.007 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Од 1.007 испитаници, 50,1 % беа жени, а 49,7 % мажи. Во однос на етничката застапеност етничките Македонци беа застапени со 70,7 %, етничките Албанци со 24,2 %, другите етнички групи беа застапени со 4,9 %. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 34,4 %, додека градската со 38,0 %, а градот Скопје со 27,6 %. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот.

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со ниво на доверба од 95 % и со грешка од +/- 3 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки. Исто така се прикажани покрај бројките и трендовите во однос на претходното истражување спроведено во 2010 г., за оние податоци кои се споредливи со нив. Легендата на симболите за трендовите е во извршното резиме. Исто така за подобрување на анализата на податоците се употребени одредени индекси. Легендата на симболите е следна:

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0 – 3 процентни поени<br>Мали промени = 3,01 – 5 процентни поени<br>Умерени промени = 5,01 –10 процентни поени<br>Големи промени = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

Во извештајот, незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

# I. ОДГОВОРНОСТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА

Во првиот дел од ова истражување се испитуваат ставовите на граѓаните за распределба на одговорноста меѓу државата, деловниот и граѓанскиот сектор, за тоа што е одговорност на граѓаните, како може да се решат општествените потреби и кои се ставовите за подрачјата на одговорност на граѓаните.

**Графикон 1**. *Одговорност за решавање на потребите во општеството*




Највисоки очекувања за тоа кој е најодговорен за решавање на потребите во општеството граѓаните имаат од државата (57,5 %). Овие очекувања бележат пораст во споредба со 2010 година (50,5 %). Потоа следуваат очекувањата за заедничка односно споделена одговорност на трите сектори (23,2 %). Пред 11 години граѓаните давале поголемо значење на колективната одговорност (33,4 %) во споредба со последните податоци од 2021 година. Повеќе од двојно пораснале очекувањата за одговорноста на приватниот сектор (7,5 %) за разлика од пред 11 години. Граѓаните себе си се сметаат за најмалку одговорни за решавање на општествените потреби и тоа не се сменило во последните 11 години. Резултатите покажуваат дека одговорноста на граѓаните е 6,9 % и е на дното на листата одговорни актери.

Од аспект на социо-демографските карактеристики на испитаниците, повисоки очекувања од државата имаат етничките Албанци (63,5 %) и тоа е уште еден резултат кој не се сменил во последните 11 години. Меѓу симпатизерите на политичките партии, највисоки очекувања од државата имаат оние на ДУИ (70,9 %), а веднаш зад нив се симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (66,8 %). Граѓаните кои се декларирале како припадници на пониските класи и оние со понизок степен на образование исто така имаат поголеми очекувања од државата.

Споделената одговорност најмалку поддршка има кај етничките Албанци (9,0 %) и кај симпатизерите на ДУИ (4,9 %). За разлика од нив, симпатизерите на СДСМ (24,5 %) и на ВМРО-ДПМНЕ (18,6 %) се поголеми поддржувачи на заедничката одговорност.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Државата сè уште е најодговорна за решавањето на општествените потреби. Очекувањата од државата продолжуваат да растат на сметка на оградување од заедничката/колективна одговорност.
2. Свеста за индивидуално или организирано преземање одговорност за решавање на општествените проблеми е на ниско ниво и стагнира во последните 11 години.
3. Повисокото образование и повисокиот стандард на живеење ги прави граѓаните похрабри и поспремни да ја споделат одговорноста.

# II. ЈАВЕН ДУХ

На скала од 1 до 10, каде 1 е „никогаш“, а 10 „секогаш“, испитаниците го оцениле степенот на оправданост на неколку генерално општествено неоправдани активности поврзани со јавниот дух на граѓаните. Големо мнозинство од нив ги оцениле изјавите со оценки од првиот дел од скалата од 1 до 5.

Имено, речиси во исти размери како и во 2010 година, граѓаните не го оправдуваат неплаќањето на комунални услуги (90,4 %) и јавен превоз (91,5 %). Тие исто така сметаат дека не е оправдано да примат или дадат мито за работа која што е нивна обврска (92,6 %), ниту да бараат бенефиции од државата за кои немаат право (92,8 %). Големо мнозинство од граѓаните се согласни дека не треба да се пуши на законски забранети места (89,0 %).

**Графикон 2.** *Оправданост/неоправданост на општествени активности*




Споредено со податоците од 2010 година се забележува мал пад кај неоправданоста на активностите: фрлање ѓубре на места кои не се определени за тоа и возење под дејство на алкохол. Новите податоци покажуваат дека 91,4 % од граѓаните не го оправдуваат фрлањето на ѓубре на неопределени места, додека во 2010 година овој процент изнесувал 97,2 %. Возењето под дејство на алкохол е неприфатливо за 92,8 % од граѓаните, а пред 11 години овој процент бил малку повисок и изнесувал 96,6 %.

Наспроти овие податоци, за активностите: плаќање во готово за услуги за да се избегнат даноци и мамење за данок доколку постои шанса за тоа, е забележана зголемена свест споредено со податоците од претходните истражувања. Значително, односно за речиси 21 процентен поен е зголемен бројот на граѓани кои не го оправдуваат плаќањето услуги во готово за да се избегне данок, па така според новите податоци тој изнесува 83,4 %, додека во 2010 година изнесувал 62,6 %. Мамењето за данок доколку постои шанса за тоа е неприфатливо за 93,4 % од граѓаните, а во 2010 година оваа активност била неприфатлива за 87,0 % од граѓаните.

Кај социо-демографските групи интересен е податокот дека барањето бенефиции од државата за кои граѓанинот нема право е повеќе неоправдано за лицата кои себеси се сметаат за религиозни (94,6 %), а за 10 процентни поени помалку неоправдано за оние кои себеси се сметаат за нерелигиозни. Иако процентот на неоправданост доминира кај оваа изјава, тој се намалува како што се зголемува степенот на образование и растот на месечните примања на граѓаните.

Процентот на неоправданост за мамење за данок доколку постои шанса изнесува 95,4 % кај етничките Македонци, а 86,9 % кај етничките Албанци, а разликата е слична и помеѓу двете најголеми македонски политички партии (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ) и ДУИ.

Неоправданоста за плаќање услуги во готово за да се избегнат даноци е повисока кај испитаниците со исламска вероисповед (89,3 %) во однос на оние со православна вероисповед (79,5 %). Испитаниците кои себеси се сметаат за религиозни се побројни (84,6 %) меѓу оние кои не ја оправдуваат оваа активност од оние кои себеси се сметаат за нерелигиозни (77,3 %).

Разлика од 10 процентни поени во ставот за неоправданост за примање или давање на мито за работа која е обврска, се забележува помеѓу СДСМ (97,9 %) и ВМРО-ДПМНЕ (97,5 %) од една страна и ДУИ (87,4 %) од друга страна.

Избегнувањето да се плати јавен превоз е понеприфатливо за етничките Македонци (93,5 %), во однос на етничките Албанци (84,8 %). Меѓу овие етнички заедници има разлики и кај неплаќањето на комуналните услуги, односно тоа е понеприфатливо за етничките Македонци (93,7 %), во однос на етничките Албанци (80,3 %).

Возењето под дејство на алкохол е неоправдано за 95,0 % од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, за 97,2 % од симпатизерите на СДСМ и за 84,5 % од симпатизерите на ДУИ. Разлики во степенот на неоправданост кај оваа изјава имаме и кај етничките Македонци – 95,9 % и етничките Албанци – 83.6 %, како и кај православните верници – 96.5 % и исламските верници – 85.1 %.

За изјавите: пушење на законски забрането место и фрлање ѓубре на места кои не се определени за тоа, разликите се под 10 процентни поени.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Умерениот јавен дух продолжува да се зацврстува. Големо мнозинство од граѓаните му даваат поддршка на владеењето на правото.
2. Значително е зголемена свеста кај граѓаните за даночните политики и обврски споредено со ситуацијата пред 11 години. Избегнувањето на данок бележи зголемен отпор кај граѓаните за 27 процентни поени во споредба со 2010.
3. За нијанса е намалена одговорноста на граѓаните за самите себе (возење под дејство на алкохол) и околината (фрлање ѓубре на места кои не се определени за тоа).

# III. НИВО НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Нивото на социјализација е испитувано преку пет прашања со кои се покажува колку време граѓаните поминуваат со потесното и/ или поширокото семејство, со пријателите, со колегите од работа или струката надвор од работното време, во посета на верски храмови и други форми на организирано дружење во заедницата.

Граѓаните најчесто се дружат со своето потесно и/или пошироко семејство (66,6 %) и со своите пријатели (54,9 %). Тие помалку се дружат со колегите од работа (30,4 %) и помалку посетуваат верски храмови (29,9 %) на неделно ниво. Значително помалку (11,0 %) од граѓаните се дружат со луѓе во спортски клубови, рекреативни или хоби организации, танцови школи и слично. Во споредба со податоците од 2010 година забележуваме пораст во времето поминато за социјализација во сите полиња. Најголем пораст (од околу 16 процентни поени) се забележува во времето поминато со семејството кое пред 11 години изнесувало 49,9 %. За речиси 10 процентни поени во споредба со 2010 година пораснал бројот на луѓе кои одат во верски храмови. Времето поминато со луѓе од спортски клубови и други хоби активности е речиси исто како и пред 11 години.

Етничките Албанци поминуваат најмногу од своето време на неделно ниво со семејството (75,4 %) во споредба со останатите етнички групи, слично како и припадниците на исламската религија (73,0 %) споредено со припадниците на другите религии. Генерално 68,6 % од религиозните личности поминуваат време со семејството, а 57,6 % од нерелигиозните. Податоците покажуваат дека со растот на месечните примања се намалува процентот на граѓани кои најголем дел од своето време го поминуваат со семејството. Па така во просек 70,0 % од лицата со примања од 1 до 30.000 денари поминуваат најмногу време со своето семејство, додека овој процент на лица со примања од 30.001 до 60.000+ денари изнесува 57,0 %. Симпатизерите на ВМРО – ДПМНЕ поминуваат помалку време со своето семејство (66,3 %) во споредба со симпатизерите на СДСМ (74,1 %) и ДУИ (77,7 %).

Со зголемување на возраста, опаѓа честотата на дружење со пријателите, на неделно ниво, од 57,3 % кај испитаниците од 18 до 29 години, на 49,1 % кај оние над 65 години. Етничките Македонци поминуваат повеќе време со пријателите (57,7 %) од етничките Албанци (48,8 %). Сличен е процентот на православни граѓани кои повеќе време поминуваат со пријателите (57,5 %) во споредба со граѓаните со исламска вероисповед (48,0 %). Поврзано со работниот статус, најмалку време со пријателите поминуваат лицата ангажирани во домашни обврски (42,9 %), пензионерите (49,5 %) и земјоделците (43,3 %). Граѓаните кои припаѓаат на средните класи во просек поминуваат повеќе време со своите пријатели (просек: 57,4 %) во споредба со граѓаните кои припаѓаат на најниската и највисоката класа (просек: 45,7 %). Во однос на степенот на образование, со пријателите најмногу се дружат лицата со завршени вишо или високо образование (62,4 %), во споредба со останатите степени на образование (просек: 49,0 %). Процентот на дружење со пријателите кај граѓаните е пропорционален со растот на нивните месечни примања. Луѓето од Полошкиот регион, најмалку од своето време поминуваат со пријателите (39,5 %) споредено со луѓето кои живеат во другите плански региони.

Со зголемување на возраста на испитаниците опаѓа и процентот на дружење со колегите од работа. Младите на возраст од 18 до 29 години најмногу се дружат со своите колеги надвор од работното време, на неделно ниво (43,6 %). Овој процент кај лицата на возраст од 50 до 64 години изнесува 29,6 %. Етничките Албанци повеќе се дружат со своите колеги и тоа 39,3 % од нив остваруваат вакви дружби најмалку еднаш неделно во споредба со етничките Македонци кај кои овој процент изнесува 27,9 %. Слична е состојбата кај граѓаните со исламска религија кои поминуваат поголем дел од своето приватно време со колегите 36,7 %, наспроти православните граѓани 24,4 %. Во однос на месечните примања, највисок е процентот на граѓани со примања од 40.001 до 60.000+ денари кои поминуваат дел од своето време со колегите (просек: 42,5 %). Меѓу симпатизерите на најголемите политички партии најдруштвени колеги се од ДУИ (46,6 %), потоа од ВМРО – ДПМНЕ (39,7 %), а најмалку од СДСМ (29,4 %).

**Графикон 3.** *Поминато време со пријатели, семејство, колеги, храмови и хоби активности*




За разлика од податоците од 2010 година, каде процентот на мажи кои посетуваат верски објекти (24,2 %) бил повисок од процентот на жени (16,1 %), новите податоци покажуваат дека покрај тоа што постои раст во поминување време во верски објекти, јазот помеѓу мажите и жените при практикување на оваа активност е значително намален. Така 31,2 % од мажите поминуваат од своето време на неделно ниво во верски објект, а процентот на жени изнесува 28,7 %. Верските објекти најмногу и најчесто ги посетуваат помладите граѓани на возраст од 18 до 39 години (просек: 42,3 %), додека граѓаните на возраст од 40 до 65+ години помалку време (просек: 20,4 %) поминуваат во овие објекти. Значително е поголем процентот на етнички Албанци кои поминуваат време во верски објекти (60,7 %) во споредба со етничките Македонци (20,5 %), како и процентот на граѓани со исламска вероисповед (54,1 %) наспроти православните граѓани (13,7 %). Поврзано со работниот статус, најмалку време во верски објекти поминуваат лицата ангажирани во домашни обврски (26,8 %), пензионерите (11,5 %) и земјоделците (26,7 %). Исто така поврзано со класната определба, најмалку време во верски објекти поминуваат лицата кои се определиле дека припаѓаат на пониска класа (13,5 %) во споредба со другите класи. Симпатизерите на ДУИ (68,9 %) и ДПА (75,0 %) значително повеќе време поминуваат во верски објекти на неделно ниво во споредба со симпатизерите на другите политички партии. Граѓаните лоцирани во Североисточниот (45,1 %), Југозападниот (43,6 %) и Полошкиот регион (44,4 %), најмногу време поминуваат во верски објекти.

Иако генерално е мал процентот на граѓани кои своето слободно време го поминуваат со луѓе од спортски клубови и други хоби активности, сепак помеѓу оние кои практикуваат ваков тип на активности во поголем процент се издвојува младата популација, односно најмногу лицата на возраст од 30 до 39 години (15,0 %). Вкупно 16,5 % од етничките Албанци рекле дека поминуваат време со луѓе од овие активности на неделно ниво, додека процентот на Македонци изнесува 9,6 %. Граѓаните кои се декларирале како припадници на висока класа за над 10 процентни поени повеќе се дружат со луѓе од различни клубови, во споредна со останатите класи на граѓани, а овој процент е пропорционален и со износот на месечни примања.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Социјализацијата на граѓаните бележи растечки тренд во сите полиња.
2. Семејството и пријателите се сé уште најчестиот избор за дружење на граѓаните. Времето што го одвојуваат за нив бележи раст во споредба со претходните години.

3. На социјализацијата влијаат возраста, финансиските средства и образованието. Помладите, оние со повисоки примања и оние со завршено вишо или високо образование почесто се дружат со пријателите, колегите и повеќе време издвојуваат за спортски или рекреативни активности.
4. Етничката и верската определба влијаат на издвоеното време за пријателите, колегите и посетите на верските храмови. Етничките Македонци повеќе време поминуваат со пријателите, а етничките Албанци со колегите. Етничките Албанци и припадници на исламска религија значително повеќе ги посетуваат верските храмови, особено младата популација од оваа група граѓани. Јазот помеѓу мажи и жени за посетување на верски храмови кој постоел пред 11 години, сега е речиси целосно надминат.

# IV. УЧЕСТВО ВО НЕПАРТИСКИ ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ

Учеството во непартиски политички активности е мерено преку учество во потпишување на петиции, учество во мирен протест, во герила акции и флешмоб, како и придружување на бојкот и блокирање на патишта и објекти. Категориите учество во герила акции и флешмоб се нови и не се опфатени во претходните истражувања.

Нивото на непартиски активности е ниско, но има потенцијал кој се гледа од одговорите „не, но би учествувал“. Сепак одговорот „никогаш не би учествувал“ не е за занемарување бидејќи опфаќа од 1/3 до 2/3 од одговорите за некои активности. Споредбено со податоците од истражувањето направено пред 11 години се забележува значителен пад кај учеството во овие активности.

Од непартиските активности граѓаните повеќе се вклучуваат во потпишување петиција (15,0 %), учествуваат во мирен протест (14,1 %) или се придружиле на бојкот (10,5 %). Во 2010 година 25,7 % од граѓаните потпишале некаква петиција, 36,6 % учествувале во мирен протест, а 13,5 % придружувале бојкот.

Според новите податоци 8,1 % од граѓаните учествувале во блокирање патишта и објекти што е благ пораст во споредба со граѓаните кои учествувале во ваква активност во 2010 година (5,9 %). Во герила акции учествувале 4,1 % од граѓаните, а во флешмоб 3,8 %. Овие две категории не може да се споредуваат бидејќи не се истражувани во претходните години.

**Графикон 4.** *Подготвеност за учество во непартиски активности*



Влијанието на социо-демографските карактеристики на испитаниците е речиси исто кај сите проверувани непартиски активности. Учеството во потпишување на петиции е најчесто кај граѓаните на возраст од 30 до 39 години (20,3 %) и оние од 40 до 49 години (19,4 %), во споредба со останатите старосни групи (просек: 11,8 %). Етничките Македонци (17,8 %) се поподготвени да потпишат петиција во споредба со етничките Албанци (7,4 %). Кај граѓаните кои припаѓаат на повисока класа, како и граѓаните кои имаат повисок степен на образование исто така се забележува повисок процент на учество во оваа активност во споредба со останатите граѓани од овие категории. Во поглед на месечните примања на граѓаните, најголемо учество во петиции е забележано кај граѓаните со месечни примања од 12.000 до 24.000 денари (просек: 19,6 %), во споредба со останатите (просек: 10,7 %). Симпатизерите на ДУИ најретко ја применуваат оваа непартиска активност (3,9 %) во споредба со симпатизерите на ВМРО – ДМПНЕ (16,1 %) и СДСМ (19,6 %).

Кај вработените во јавниот сектор (24,1 %) и кај земјоделците (23,3 %) се забележува највисок процент на учество во мирен протест во споредба со останатите од оваа категорија (просек на учество на други: 12,0 %). Во мирен протест најмногу учествувале граѓаните на возраст од 30 до 39 години (18,4 %) и граѓаните на возраст од 40 до 49 години (18,8 %) во споредба со останатите старосни групи (просек: 11,0 %). Етничките Албанци за 2 процентни поени повеќе учествувале во мирен протест отколку што потпишале петиција, односно 9,4 %, додека етничките Македонци 15,9 %. Во категоријата на класи, во највисок процент споредбено со другите класи се изјаснила работничката класа (19,0 %) дека учествувала во протест (просек на учество на други: 10,1 %). Симпатизерите на ДУИ помалку учествувале во протести (8,7 %) во споредба со симпатизерите на ВМРО – ДМПНЕ (16,6 %) и СДСМ (23,1 %).

Слично како и кај претходните две категории во бојкот најмногу учествувале граѓаните на возраст од 30 до 39 години (17,9 %) и граѓаните на возраст од 40 до 49 години (15,2 %) во споредба со останатите старосни групи (просек: 6,3 %). Речиси еднаков е процентот на етнички Македонци и етнички Албанци кои се придружиле кон некаков бојкот во последните 5 години. Кон бојкот најмногу се придружиле симпатизерите на СДСМ (21,0 %), додека од ВМРО – ДМПНЕ 10,6 %, а од ДУИ 11,7 % од симпатизерите.

Населението на возраст од 30 до 39 години (14,0 %) и граѓаните на возраст од 40 до 49 години (12.6 %) најмногу биле вклучени во блокирање на патишта и објекти како непартиска активност во последните години. Во оваа категорија мажите се позастапени од жените, а Албанците од Македонците за 2 процентни поени.

Мал е бројот на граѓани кои учествувале во герила и во флешмоб акции и таму доминираат етничките Албанци со поголема вклученост од етничките Македонци за 4 процентни поени во двете категории. Во однос на работниот статус, вработените во јавниот сектор (11,6 %) и оние со статус ангажирани во домашни обврски (7,1 %) биле најмногу вклучени во вакви акции. Во герила акции биле вклучени 10,7 % од симпатизерите на ДУИ, 8,4 % од симпатизерите на СДСМ и 3,5 % од симпатизерите на ВМРО – ДПМНЕ, додека во флешмоб акции биле вклучени 7,0 % од симпатизерите на СДСМ, 6,8 % од симпатизерите на ДУИ, и 2,0 % од симпатизерите на ВМРО – ДПМНЕ.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Континуирано опаѓа вклученоста на граѓаните во непартиски активности. Падот е забележан во три од четири споредливи области и се движи од 5 до 20 процентни поени.
2. Најактивни во непартиски активности се граѓаните на возраст од 30 до 49 години.
3. Лицата со повисоко образование се повеќе вклучени во непартиски активности.

# V. ДОБРОВОЛНА АКТИВНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Доброволна активност во заедницата вклучува учество на состаноци на кои се расправа за проблемите во заедницата (општина, месна заедница, куќен совет/заедница на сопственици и сл.), доброволно учество во активност корисна за заедницата (пр. чистење улици и други јавни површини), или пак помагање на други луѓе од заедницата без надомест за тоа. Учеството на граѓаните во волонтерски активности во заедницата е мерено со помош на прашањето дали граѓаните учествувале во доброволни акции во заедницата, и какви биле тие акции.

Учеството во доброволни акции во 2021 година бележи значителен пад во споредба со податоците од 2010 година. Само 7,6 % од граѓаните изјавиле дека во последните 12 месеци учествувале во доброволни акции, додека овој процент во 2010 година изнесувал 21,9 %. Од друга страна пак голем дел од испитаниците сметаат дека немало доброволни активности во заедницата во последната година (35,8 %). Овој процент во 2010 година изнесувал 23,3 %.




**Графикон 5.** *Учество во доброволни акции во заедницата во последните 12 месеци*

Иако се работи за мал број на граѓани кои учествувале во доброволни активности, се забележува намалување на јазот помеѓу мажите и жените кој постоел пред 11 години, па сега имаме ситуација каде жените за еден процентен поен повеќе биле вклучени во ваков тип на активности во споредба со мажите. Во 2010 година мажите биле вклучени за 9 процентни поени повеќе од жените.

Етничката и религиската припадност немаат влијание врз учеството во доброволните активности во заедницата. Кај студентите е забележан пад во однос на 2010 година каде тие биле дел од групата на најактивни граѓани вклучени во доброволни акции. Во врска со степенот на образование податоците покажуваат дека граѓаните со повисоко образование повеќе учествувале во доброволни акции. Граѓаните кои се изјасниле како симпатизери на СДСМ (8,4 %) и ВМРО-ДПМНЕ (5,0 %) се поактивни од останатите граѓани. Во 2010 година најактивни биле симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

Како најчести примери на доброволни акции во заедницата, граѓаните ги навеле: собирање средства за хуманитарни цели, активности за чистење отпад и пошумување, како и вклученост во активности на куќниот совет.

### ЗАКЛУЧОЦИ

1. Намалени волонтерски активности на граѓаните во заедницата. Падот изнесува речиси 14 процентни поени во споредба со податоците од 2010 година. Малиот волонтерски ангажман и во учество и во обем, може да се смета дека е еднократен и ад-хок и да укажува на неизградена свест за да се направи нешто повеќе за заедницата и за сограѓаните.
2. Ниската свест за волонтерски ангажман може да се утврди и преку мислењето на голем дел од испитаниците дека немало волонтерски активности во заедницата во последната година, што упатува на ниска самоиницијативност на граѓаните и зависност од мобилизација.

3. Се забележува надминување на јазот помеѓу мажите и жените во вклученоста во волонтерски активности во споредба со претходните години каде мажите биле доминантно вклучени.

# VI. УЧЕСТВО И АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Учеството и активноста на граѓаните во организациите на граѓанското општество се испитувани преку прашања за членство во организации на граѓанското општество, сектори во кои работат организациите, плаќање членарина, и мотивација за активирање во организации на граѓанското општество.

Се зголемил бројот на граѓаните кои членуваат во било која форма на здружување во однос на 2010 година. Црквите и верските организации се најпривлечни за граѓаните односно 43,6 % од нив се нивни членови. Речиси 1/3 (27,4 %) се активни членови додека 16,2 % се неактивни. Во истражувањето спроведено пред 11 години, црквите и верските заедници биле трети според бројот на граѓани кои членуваат во нив (30,7 %), а сега бележат најголемо членство. Политичките партии кои сега се второ рангирани според бројот на граѓани кои членуваат биле прво рангирани пред 11 години (37,5 %). Сепак бројот на активни членови во политичките партии пораснал од 18,4 % во 2010 година на 22,6 % во 2021, додека бројот на неактивни членови се намалил од 19,1 % во 2010 на 16,5 % во 2021 година.

**Графикон 6.** *Активно членство во одредени облици на здружување*




По црквите и верските организации, најголем пораст во бројот на членство се забележува кај граѓанските организации. Вкупно 36,8 % од граѓаните изјавиле дека членуваат во граѓанска организации од кои, секој петти (20,7 %) е активен, а 16,2 % се неактивни членови. Вкупното членство во граѓански организации во 2010 година изнесувало 24,6 %, од кои 9,5 % биле активни, а 15,1 % неактивни членки. Иако членството во синдикати бележи пораст во споредба со состојбата во 2010 година, сепак тоа не било доволно да обезбеди место повисоко на листата. Во синдикатите членуваат вкупно 35,7 % од граѓаните од кои 19,5 се активни членови, а 16,2 % неактивни.

Најголем број од граѓаните кои членуваат во некој од горенаведените облици на здружување доброволно работеле во нив без никаков надомест во просек до 30 часа годишно. Вкупно 20 граѓани навеле дека работеле до 30 часа годишно во цркви и верски организации, 8 граѓани во политички партии, 11 граѓани во граѓански организации и 6 во синдикати. Мал број граѓани навеле дека доброволно работеле во некој од овие облици на здружување повеќе од 30 часа годишно.

**Табела 1.** *Довербата и членството на граѓаните во организациите на граѓанското општество*

| | Цркви и верски заедници | | Синдикати | | Политички партии | | Граѓански организации | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2010 | 2021 | 2010 | 2021 | 2010 | 2021 | 2010 |
| **Доверба**[1] | 62,8 % | 62,9% | 48,8 % | 25,3% | 36,2 % | 23,3% | 48,3 % | 42,5% |
| **Членство** | 43,6 % | 30,7% | 36,7 % | 24,2% | 39,1 % | 37,5% | 36,8 % | 24,6% |

**Табела 2.** *Членување во граѓански организации според полот и етничката припадност*

| | Машки | | Женски | | Македонец/ка | | Албанец/ка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2010 | 2021 | 2010 | 2021 | 2010 | 2021 | 2010 |
| **Активен член** | 23,0% | 9,7 % | 18,4% | 9,4% | 13,5% | 8,7% | 43,4% | 12,4% |
| **Неактивен член** | 18,0% | 17,2% | 14,5% | 13,0% | 11,9% | 11,6% | 29,5% | 28,2% |

Граѓаните на возраст од 30 до 39 години повеќе членуваат во граѓанските организации (53,1 %), од другите групи, а нив им се придружуваат и помладите граѓани на возраст од 18 до 29 години со 47,1 %. Во истражувањето од 2010 година помладите граѓани биле тие кои најмногу членувале во граѓански организации. Во однос на припадноста кон одредена класа, граѓаните кои се определиле дека припаѓаат на повисока средна и пониска средна класа членуваат повеќе во граѓански организации од останатите класи. Граѓаните со повисоко образование исто така повеќе членуваат во граѓански организации.

**Табела 3.** *Членување на граѓаните во граѓански организации според образованието*

| | Незавршено основно | | Основно | | Средно | | Вишо, високо | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2010 | 2021 | 2010 | 2021 | 2010 | 2021 | 2010 |
| **Активен член** | 0,0% | 4,5% | 4,7% | 3,2% | 23,9% | 8,9% | 23,2% | 14,1% |
| **Неактивен член** | 5,0% | 13,6% | 15,3% | 10,9% | 18,2% | 15,0% | 13,5% | 17,6% |

Во однос на членување во граѓански организации по потсектори граѓаните најмногу членуваат во организации за демократија и владеење на правото (34,5 %), во организации за животна средина и природа (33,3 %) како и во социјални и хуманитарни организации (32,2 %). Социјалните и хуманитарни организации и организациите за животна средина и природа се меѓу првите три организации каде најмногу членувале граѓаните и во 2010 година.

Податоците не се целосно споредливи со податоците добиени од ова прашање при истражувањето спроведено во 2010 година поради различно групирање на потсекторите на дејствување.

[1] Клековски, Сашо, Јаковлеска, Гонце, Стојанова, Даниела. (2011) „Општествена одговорност на граѓаните 2011",

**Табела 4.** *Членување на граѓаните во организациите на граѓанското општество по потсектори*

| Потсектори на дејствување | Членство 2021 |
|---|---|
| Организации за демократија и владеење на правото | 34,5% |
| Организации за животна средина и природа (еколошки орган.) | 33,3% |
| Социјални и хуманитарни организации | 32,2% |
| Организации за човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТ) | 31,9% |
| Организации за спорт, хоби и рекреација | 30,4% |
| Организации за жени и родови прашања | 30,3% |
| Организации за култура и образование | 29,1% |
| Професионални (струкови) организации | 28,5% |
| Организации на потрошувачи | 28,5% |

Во трите потсектори на дејствување каде најмногу членуваат граѓаните тие исто така најмногу работеле доброволно. Најголем број од нив доброволно работеле без никаков надомест во просек до 30 часа годишно. Вкупно 19 граѓани навеле дека работеле до 30 часа годишно во организации за животна средина и природа, 12 граѓани во социјални и хуманитарни организации и 6 граѓани во организации за демократија и владеење на право како и во организации за спорт, хоби и рекреација. Мал број граѓани навеле дека доброволно работеле во некој од овие потсектори повеќе од 30 часа годишно.

На прашањето дали споредено со периодот пред 5 години тие се вклучени во овие организации повеќе, исто или помалку, само 4,7 % од граѓаните изјавиле дека повеќе се вклучиле во работата на овие организации, 25,5 % рекле дека нивото на вклученост е исто како и во периодот пред 5 години, додека 10,4 % од граѓаните сега се помалку вклучени во работата на овие организации во споредба со периодот пред 5 години.

**Графикон 7.** *Мотивација за волонтирање во граѓанска организација*




Можноста за вработување е најголем мотив за 37,4 % од граѓаните кои членуваат во граѓанска организација. За 24,9 % мотив е дополнителното знаење кое може да го стекнат преку активности во граѓанските организации, а 16,3 % од граѓаните членуваат во граѓанска организација поради чувството на граѓанска одговорност и потребата за учество во активности од граѓански интерес. Овие податоци не се споредливи со податоците од 2010 година поради различната структура на самото прашање.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Пораснал ангажманот на граѓаните во различни облици на здружување. Раст од над 10 процентни поени има кај црквите и верските организации и кај граѓанските организации.
2. Политичките партии имаат незначителен раст на членство. Сепак, бројот на активни наспроти неактивни членови се зголемил.

3. Возраста, образованието и класната определба влијаат врз членувањето во граѓански организации. Младата популација со повисоко образование која припаѓа на средните класи најмногу членува во граѓанските организации.
4. Можноста за вработување е најголем мотив за членство и вклученост во работата на граѓанските организации.

# VII. ДОБРОТВОРНИ ПРИЛОЗИ

Се забележува големо опаѓање во дарувањето во добротворни цели во последните 12 месеци споредено со истражувањето спроведено пред 11 години. Во 2021 година 27,0 % од граѓаните дарувале (пари или добра) во добротворни цели во последните 12 месеци. Во 2010 година овој процент изнесувал 65,2 %. Од друга страна пак процентот на граѓани кои не дарувале, но се подготвени да даруваат изнесува 61,3 %, а во 2010 година тој изнесувал 26,6 %. Најмногу дарувале граѓаните на возраст од 30 до 39 години (33,3 %) и граѓаните на возраст од 40 до 49 години (35,1 %). Етничката и религиската припадност немаат влијание врз дарувањето во добротворни цели. Во однос на работниот статус најмногу даруваат лицата ангажирани во домашни обврски (44,6 %) и вработените во јавниот сектор (43,2 %), а најмалку земјоделците (16,7 %) и пензионерите (13,2 %). Интересен е податокот дека во однос на класите на граѓани најмногу даруваат граѓаните од повисока (33,3 %) и граѓаните од пониска класа (31,1 %) во споредба со средните класи. Степенот на дарување расте согласно степенот на образование и тоа од 18,0 % кај граѓаните кои имаат основно образование до 30,0 % кај граѓаните со вишо или високо образование. Симпатизерите на ДПА најмногу даруваат (50,0 %), по нив се симпатизерите на СДСМ (37,1 %), потоа симпатизерите на ДУИ (25,2 %) и на ВМРО – ДПМНЕ (20,1 %). Граѓаните кои дарувале во последните 12 месеци, најмногу дарувале за хуманитарни цели (парични средства преку телефонски броеви за донации, храна и облека).

**Графикон 8.** *Дарување (пари или добра) во добротворни цели во последните 12 месеци*




**ЗАКЛУЧОЦИ**

1. За многу високи 38 процентни поени опаднал бројот на граѓани кои дарувале во 2021 година во споредба со податоците од 2010 година. Во оваа ситуација единствено охрабрувачки е високиот процент на граѓани (61,3 %) кои иако не дарувале, спремни се тоа да го направат.
2. Граѓаните најмногу даруваат за хуманитарни цели.

# ПРИЛОГ 1. Прашалник

## Општествена одговорност на граѓаните

### 2.1. Одговорност за општествените прашања: ОПШТО

П 24. Кој е најодговорен за решавање на потребите во општеството?

| | | |
|---|---|---|
| o 1 | Државата | 1 |
| o 2 | Приватниот (бизнис) сектор | 2 |
| o 3 | Граѓаните (индивидуално и/или организирано во граѓански организации) | 3 |
| o 4 | Одговорноста е заедничка/споделена | 4 |
| o 5 | Немам став | 5 |
| o 6 | Не знам (НЕ ЧИТАЈ) | 99 |
| o 7 | Без одговор (НЕ ЧИТАЈ) | 0 |

П 25. Ве молам, за секоја од следниве активности, кажете во колкав степен мислите дека е оправдана или неоправдана, користејќи ја понудената скала од 1 (НИКОГАШ) до 10 (СЕКОГАШ).

| | | Никогаш | | | | | | | | | Секогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| o 8 | Да барате бенефиции од државата за кои немате право. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| o 9 | Да мамите за данок ако имате шанса за тоа. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| o 10 | Да плаќате во готово за услуги (молерисување, чистење, поправки и сл.) за да ги избегнете даноците. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| o 11 | Да примите или дадете мито за работа што (ви) е обврска. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| o 12 | Да избегнувате да плаќате јавен превоз. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| o 13 | Да не плаќате за комуналните услуги (вода, ѓубретарина и сл.). | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| o 14 | Да пушите на законски забрането место. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| o 15 | Да возите под дејство на алкохол. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| o 16 | Да фрлате ѓубре на места кои не се определени за тоа. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

П 26. Ќе ве прашам колку време најчесто поминувате за определени работи. За секоја активност, Ве молам кажете приближно колку често ја правите или воопшто не ја правите?

| | | Најмалку еднаш неделно | 1-2 пати месечно | Неколку пати во годината | Воопшто не поминувам | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| o 17 | Сте со вашето потесно и/или пошироко семејство, со исклучок на она со кое живеете? | | | | | | |
| o 18 | Поминувате време со пријателите? | | | | | | |
| o 19 | Се дружите со колегите од работа или струката, надвор од работното време? | | | | | | |
| o 20 | Одите во вашата црква, џамија или друг храм? | | | | | | |
| o 21 | Се дружите со луѓе во спортски клубови, рекреативни или хоби организации, танцови школи и сл.? | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

П 1. Учество во непартиски политички активности: Ве молам кажете ми дали сте учествувале, дали би учествувале или никогаш не би учествувале во следните непартиски активности:

| | | Да, сум учествувал во последните 5 г. | Не, но би учествувал | Не, и никогаш не би учествувал | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| o 22 | Сте потпишале петиција | | | | | |
| o 23 | Сте учествувале во мирен протест (демонстрација, митинг) | | | | | |
| o 24 | Сте придружувале бојкот (некупување одредени производи, неплаќање сметки) | | | | | |
| o 25 | Сте блокирале патишта и објекти (згради, фабрики, институции) | | | | | |
| o 26 | Сте учестувале во Герила акции | | | | | |
| o 27 | Сте учестувале во Флешмоб | | | | | |

| | | Да, сум учествувал во последните 5 г. | Не, но би учествувал | Не, и никогаш не би учествувал | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| о 28 | Друго (наведи) ____________ | | | | | |

П.27а. (Доколку не учествувале во непартиски политички активности) Кои се причините за тоа?

| | | |
|---|---|---|
| | Неинформираност | 1 |
| | Презафатеност (многу обврски, немање време...) | 2 |
| | Лични причини (нема интерес, не сака да учествува...) | 3 |
| | Нема пристап до/можност за вклучување во непартиски политички активности | 4 |
| | Не знае како да учествува во непартиски политички активности | 5 |
| | Идеолошки разлики (вера, етникум, целта на активностите ...) | 6 |
| | Разни притисоци (од работа, семејство, пријатели...) | 7 |
| | Друго: | 8 |
| | Не знам (НЕ ЧИТАЈ) | 99 |
| | Без одговор (НЕ ЧИТАЈ) | 0 |

П 2. (о 29) Доброволна активност во заедницата: Дали сте учествувале во изминативе 12 месеци во доброволни акции (состаноци на кои се разговарало за проблемите во вашата општина, населба, зграда и сл.) во вашата заедница?

1 - Да, сум учествувал
2 - Не, не сум учествувал
3 - Немало доброволна акција
99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ)

П 3. (о 30) Ако да, дали може да ни кажете за каква акција станувaше збор?
___________________________________________

П 4. Сега ќе прочитам неколку облици на здружување на граѓаните. Ве молам за секој од нив да кажете дали сте активен или неактивен член

| | | Активен член | Неактивен член | Не членувам | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| о 31 | Цркви и верски организации | | | | | |
| о 32 | Синдикати | | | | | |
| о 33 | Политички партии | | | | | |
| о 34 | Граѓански организации (невладини, здруженија на граѓани) | | | | | |

П.30а. (Доколку не членуваат во граѓански организации) Кои се причините за тоа?

| | | |
|---|---|---|
| | Недостаток на доверба во граѓанското општество | 1 |
| | Неинформираност | 2 |
| | Презафатеност (многу обврски, немање време...) | 3 |
| | Лични причини (нема интерес, не сака да членува...) | 4 |
| | Финансиски (мали плати во ГО, малку придобивки ...) | 5 |
| | Стигма (соросоиди, работат против државата, перат пари...) | 6 |
| | Нема пристап до/можност за вклучување во граѓански организации (немал контакт со ГО, со ГОи...) | 7 |
| | Не знае/разбира што работи граѓанското општество/граѓанските организации | 8 |
| | Идеолошки разлики (вера, етникум, цели на граѓанското општество ...) | 9 |
| | Големи разлики во работењето во граѓанскиот сектор во споредба со другите сектори | 10 |
| | Друго: | 11 |
| | Не знам (НЕ ЧИТАЈ) | 99 |
| | Без одговор (НЕ ЧИТАЈ) | 0 |

П 31. Ако сте член на граѓанска организација, дали може да ми кажете во која област/сектор е таа организација и дали сте активен/неактивен член (може да се одберат повеќе области/сектори:

| | Активен член | Неактивен член | Не членувам | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| о 35 | Организации за демократија и владеење на правото | | | | | |
| о 36 | Организации за човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | | | | | |
| о 37 | Организации за жени и родови прашања | | | | | |
| о 38 | Организации за животна средина и природа (еколошки орган.) | | | | | |
| о 39 | Социјални и хуманитарни организации | | | | | |
| о 40 | Организации за спорт, хоби и рекреација | | | | | |
| о 41 | Организации за култура и образование | | | | | |
| о 42 | Професионални (струкови) организации | | | | | |
| о 43 | Организации на потрошувачи | | | | | |

(о 44) За кои два од облиците на здружување доброволно (без надоместок, волонтерски) сте работеле?

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| П27_1 | Цркви и верски заедници | АКО ДА, колку време | ____________ | (часа/годишно) |
| П27_2 | Синдикати | АКО ДА, колку време | ____________ | (часа/годишно) |
| П27_3 | Политички партии | АКО ДА, колку време | ____________ | (часа/годишно) |
| П27_4 | Граѓански организации (здруженија на граѓани) | АКО ДА, колку време | ____________ | (часа/годишно) |
| П27_6 | Неформални здружувања | АКО ДА, колку време | ____________ | (часа/годишно) |
| П27_6 | Не работел доброволно | АКО ДА, колку време | ____________ | (часа/годишно) |

П 5. Дали некогаш доброволно сте работеле за некоја граѓанска организација (можете да одберете повеќе опции):

| | | Да | Не сум, но би сакал | Не сум, и нкогаш не би волонтирал | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| о 45 | Организации за демократија и владеење на правото | | | | | |
| о 46 | Организации за човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | | | | | |
| о 47 | Организации за жени и родови прашања | | | | | |
| о 48 | Организации за животна средина и природа (еколошки организации) | | | | | |
| о 49 | Социјални и хуманитарни организации | | | | | |
| о 50 | Организации за спорт, хоби и рекреација | | | | | |
| о 51 | Организации за култура и образование | | | | | |
| о 52 | Професионални (струкови) организации | | | | | |
| о 53 | Организации на потрошувачи | | | | | |

П33а. (о 54) АКО ДА, колку време: ______________ часа/годишно 99 - Не знам 0 - БО

П 34. (о 55) Ако споредите со периодот пред пет години, дали во овие организации сега (доброволно работите) учествувате:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 – Повеќе | 2 - Речиси исто | 3 - Помалку | 4 - Не учествувам во ниедна |

П 35. Која е/би била Вашата мотивација за волонтирање во граѓанска организација?
1- Граѓанска одговорност и учество во активности од граѓански интерес
2 - Можности за вработување
3 - дополнително образование/ стекнување искуства

**2.4. ДОБРОТВОРСТВО**

П 36. (о 56) Дали сте дарувале (пари или добра) во добротворни цели во последните 12 месеци?
1- Да, редовно, скоро секој месец и за секоја акција
2 - Да, неколку пати
3 - Не, но би дал
4 - Не, не би дал
99- Не знам
0 - Без одговор

П 37. (о 57) Доколку сте дарувале во последните 12 месеци, за која цел најчесто сте дарувале?
(доброволно набројување) ______________________ 99 - Не дарувам 0 - БО

# ПРИЛОГ 2. Структура на примерокот

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 49,7 |
| Жена | 50,1 |
| Не сака да одговори | 0,2 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 | 22,5 |
| 30-39 | 20,6 |
| 40-49 | 19,0 |
| 50-64 | 20,2 |
| 65+ | 17,8 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 70,7 |
| Албанец/ка | 24,2 |
| Турчин/ка | 1,8 |
| Ром/ка | 2,0 |
| Србин/ка | 0,6 |
| Бошњак/чка | 0,4 |
| Друго | 0,1 |
| Не сака да одговори | 0,2 |
| **Религиска припадност** | **%** |
| Православна | 63,1 |
| Исламска | 27,9 |
| Католичка | 8,5 |
| Друга | 0,3 |
| Не сака да одговори | 0,2 |
| **Религиозност** | **%** |
| Религиозна личност | 82,6 |
| Нерелигиозна личност | 13,1 |
| Атеист | 0,5 |
| Не сака да одговори | 3,8 |
| **Работен статус** | **%** |
| Вработен во јавен сектор | 19,8 |
| Вработен во приватен сектор | 26,4 |
| Вработен во граѓански сектор | 3,0 |
| Студент | 6,0 |
| Ангаржиран/а во домашни обврски | 5,6 |
| Невработен | 16,2 |
| Пензионер | 18,1 |
| Земјоделец | 3,0 |
| Друго | 0,5 |
| Не сака да одговори | 1,6 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | **%** |
| Висока класа | 2,7 |
| Повисока средна класа | 25,1 |
| Пониска средна класа | 37,5 |
| Работничка класа | 25,1 |
| Пониска класа | 7,3 |
| Не знам | 0,5 |
| Без одговор | 1,7 |
| **Образование** | **%** |
| Незавршено основно | 2,0 |
| Основно | 14,9 |
| Средно | 57,4 |
| Вишо, високо | 23,5 |
| Магистерски студии | 2,2 |

| Место на живеење | % |
|---|---|
| Рурално (село) | 34,4 |
| Урбано (град) | 38,0 |
| Скопје | 27,6 |
| **Месечни приходи** | **%** |
| 1 - 6000 ден. | 1,0 |
| 6001 – 9000 ден. | 2,5 |
| 9001 – 12.000 ден. | 6,7 |
| 12.001 – 15.000 ден. | 11,9 |
| 15.001 – 18.000 ден. | 8,7 |
| 18.001 – 24.000 ден. | 13,3 |
| 24.001 – 30.000 ден. | 11,2 |
| 30.001 – 40.000 ден. | 7,5 |
| 40.001 – 50.000 ден. | 12,8 |
| 50.001 – 60.000 ден. | 7,1 |
| 60.000+ ден. | 4,1 |
| Не знае | 2,1 |
| Одбива да одговори | 11,1 |
| **Политичка ориентација** | **%** |
| 1 - Лево | 6,6 |
| 2 | 5,6 |
| 3 | 9,6 |
| 4 | 14,9 |
| 5 | 19,4 |
| 6 | 10,6 |
| 7 | 7,3 |
| 8 | 3,6 |
| 9 | 1,0 |
| 10 - Десно | 4,4 |
| Не знае | 7,0 |
| Без одговор | 10,1 |
| **Симпатизер на политичка партија** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 19,8 |
| СДСМ | 14,2 |
| ДУИ | 10,2 |
| Други | 15,5 |
| Не сум симпатизер на политичка партија | 36,3 |
| Не знае /Без одговор | 4,0 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 30,2 |
| Југоисточен | 8,9 |
| Источен | 8,6 |
| Североисточен | 8,1 |
| Вардарски | 7,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 16,1 |
| Пелагониски | 11,0 |

# Профил на издавачот

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) речиси 29 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството.

Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми.

МЦМС дејствува во секторите на развој на граѓанското општество, добро владеење (антикорупција), социјална инклузија (реинтеграција и рехабилитација на ранливи категории граѓани, недискриминација и деполаризација), евроинтеграции, итни општествени предизвици и зелена агенда. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 1.690 проекти со вкупен буџет од над 65,5 милиони евра.

# Продолжи со читање


- Клековски, Сашо, Јаковлеска, Гонце, Стојанова, Даниела, (2011) „Општествена одговорност на граѓаните 2011“, - https://mcms,mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/1042-opstestvena-odgovornost-na-graganite-2011,html
- Клековски, Сашо, Кржаловски, Александар, Саздовска, Сунчица, Јаковлеска, Гонце, Колиќ, Миодраг, Стојанова, Даниела, (2009) „Општествена одговорност на граѓаните 2009“, - https://mcms,mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/630-opstestvena-odgovornost-na-graganite-2009,html
- Клековски, Сашо, Кржаловски, Александар, Јаковлеска, Гонце, (2007) „Општествена одговорност на граѓаните 2007“, - https://mcms,mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/572,html
- Клековски, Сашо, Кржаловски, Александар, Саздовска, Сунчица, Јаковлеска, Гонце , (2006) „Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија“, - https://mcms,mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/642-doverba-odgovornost-opstestveni-prasanja-dobrotvorstvo,html
- Јаковлеска, Гонце, Кржаловски, Александар, Клековски, Сашо, Чилевалиев, Стефан, Михаиловска, Јасмина (2018) – „АГРУМЕНТИ – Збирка истражувања на важни општествени теми“ - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2038-agrumenti--zbirka-istrazhuvanja-na-vazhni-opshtestveni-temi.html
- Саздовска, Сунчица, Јаковлеска, Гонце, Кржаловски, Александар, Клековски, Сашо (2018) - „АГРУМЕНТИ 2 – Збирка истражувања на важни општествени теми“ - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2141-agrumenti-ii--zbirka-istrazhuvanja-na-vazhni-opshtestveni-temi.html